


# КАРПОШ
## неделен
## Е - БИЛТЕН




ОПШТИНА КАРПОШ НЕДЕЛЕН Е - БИЛТЕН
ИЗГОТВУВА: ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ
7-14 фев 2025 Билтен бр. 585

# РЕШЕН ГОРЛИВИОТ ПРОБЛЕМ СО ФЕКАЛНАТА КАНАЛИЗАЦИЈА НА ЖИТЕЛИТЕ ОД НАСЕЛБАТА ТРНОДОЛ

**По дојава од засегнати граѓани од населбата Трнодол кои уредно доставија Барање (бр. 9467/1) до архивата на Општина Карпош, екипите од Секторот за уредување на градежно земјиште и комунални работи веднаш излегоа на терен и направија увид во состојбата, од каде службите во моментов интервенираат при решавање на проблемот со канализационата мрежа, кој подолго време ги мачи жителите од овој реон. Станува збор за постоечката собирна канализациона мрежа која не беше во можност да ги собере сите отпадни води, при што честопати доаѓаше до затнување и прелевање на собирната цевка од целата населба, до приклучување на главната мрежа под населбата на улицата Козле.**

**По тој повод денеска, градоначалникот Стевчо Јакимовски направи увид во комуналните работи кои се во тек.**

**Оваа куса канализациона мрежа во Трнодол како бајпас ја направивме пред 13-тина години, бидејќи беше лошо решението кое го имавме претходно. Откако граѓаните се пожалија на прелевање на фекалиите, ние одлучивме да ја извршиме оваа реконструкција која навистина е сложена бидејќи мора сè да се работи рачно. Би сакал да укажам на неодговорноста на некои граѓани коишто фрлаат материјали на кои не им е местото во канализационата мрежа. Оттука, сметам дека сите треба да придонесеме за инфраструктурата да функционира нормално, затоа што сите вакви интервенции ги трошат буџетските средства од Општината, односно од граѓаните – објасни Јакимовски.**

**Во насока на конечно решавање на проблемот каде последен пат е интервенирано пред повеќе од една деценија, изведувачот кој го ангажираше Општина Карпош постави канализациона мрежа во должина од 27 метри, со поширок обем на цевки со димензии Ф-250 мм. Во случајов се поставени и три нови шахти со нови капаци, а изнајдено е и најсоодветно решение за трасирање на патеката по која се одвива падот на фекалните води. И овој комунален зафат, локалната самоуправа го реализираше со јавна набавка за брзи интервенции во фекалната канализација.**



# ИЗГЛАСАН КВАРТАЛНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА ПОСЛЕДНИОТ КУМУЛАТИВЕН ПЕРИОД ОД 2024 ГОДИНА

**Во рамки на 61-вата редовна седница на Советот на Општина Карпош која се одржа денеска во просториите на Универзитетот Скопје, советниците ги разгледуваа и одлучуваа за 15-те точки кои се најдоа на дневниот ред. Во таа насока, мнозинството советници го усвоија Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општината за четвртиот квартал за 2024 година, односно кумулативно за квартал од 01.10.2024 до 31.12.2024 година.**

**Во образложението на овој документ е наведено дека во колоната План, се прикажани вкупните приходи коишто се планирани со Буџетот за 2024 година во износ од 1.455.639.000 денари, додека пак реализираните приходи за четвртиот квартал изнесуваат 1.347.721.257 денари. Притоа, во општинскиот Буџет се планирани приходите во висина од 707.331.000 денари, а остварената реализација на приходите за третиот квартал изнесува 660.239.742 денари.**

**Советот даде „зелено светло“ и за Предлог-Одлуката за утврдување на надоместокот за градежно земјиште во с. Горно Нерези. Имено, за изградба на објекти со намена домување во куќи – А1, се утврдува износот од 5.227 денари за м2 нето развиена површина, за домување во згради – А2 исто така се утврдува износот од 5.227 денари за м2, а истиот износ од 5.227 денари за м2 е утврден и за изградба на објекти со намена заедничко (групно) домување – А3 и за времен престој, односно – А4. За објектите од групата на класи на намени – Г (поточно – Г2 лесна и незагадувачка индустрија, потоа – Г3 сервиси и Г4 – стоваришта), се утврдува износот од 11.000 денари за м2, нето развиена**



# ЗАПОЧНА АКЦИЈАТА ЗА ПОДИГАЊЕ НА ХАВАРИСАНИ ВОЗИЛА НИЗ КАРПОШ

**Секторот инспекторат од Општина Карпош во соработка со колективниот постапувач „Греен Роад“, денеска ја започна долго најавуваната акција за отстранување на отпадни (хаварисани) возила на територија на локалната самоуправа, кои воедно претставуваат и опасност по животната околина во која живеат карпошани.**

**Во таа насока инспекциските служби од Општина Карпош ги мапираа старите (хаварисани) возила, означувајќи ги со налепници на кои беше напишано известување до нивните сопственици, дека во рок од 10 дена се должни да го отстранат отпадното возило. Оттука, доколку тие не го отстранат возилото, инспекторите преку добиени информации од МВР доставуваат записник за идентификација и Решение за опомена со рок од пет дена да се отстрани возилото. Доколку и по тој рок не се реагира, колективниот постапувач го подига возилото.**

**Акцијата ја поздрави и градоначалникот на Општина Карпош, Стевчо Јакимовски, кој истакна дека оваа иницијатива ја поддржуваат голем дел од граѓаните на локалната самоуправа.**

**Општина Карпош ја води акцијата за расчистување на хаварисаните возила на нашата територија за која мораме да спроведеме соодветна постапка. Во оваа пригода апелирам до граѓаните, сите возила кои што не се регистрирани, кои што зафаќаат несоодветно место или да ги регистрираат и да ги возат, или пак истите возила ние ќе мора да ги отстраниме. Постапката е таква да ги однесеме на соодветно место надвор од паркинг просторот каде што се тие, таму да чекаме отприлика 30-тина дена и потоа да видиме дали граѓаните ќе се интересираат за тоа возило или ќе треба да се спроведуваат нови постапки во кое што на крај возилото ќе оди на рециклирање. Не би сакале да имаме никакви немили настани ниту пак непријатни разговори со граѓаните, но тие мора да водат сметка дека едно возило кое со години стои на едно место тоа практично ги оневозможува останатите граѓани да можат да го користат тој паркинг простор – објасни Јакимовски**



# КАРПОШ Е ДЕЛ ОД ЕУ ПРОЕКТОТ ЗА РЕНОВИРАЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКИ ЕФИКАСНИ ДОМОВИ

**Општина Карпош како единствена локална самоуправа од Скопје заедно со општините Куманово и Кочани, официјално го отпочна проектот „Интегрирани услуги за енергетски ефикасно реновирање домови", којшто е финансиран од Европската Унија. По тој повод, вчера во свечената сала во хотелот Александар Палас се одржа промоција на првиот македонски проект кој е поддржан од Програмата LIFE на ЕУ и CINEA. Станува збор за проект кошто е составен и од македонски конзорциум, а истиот има за цел да создаде основа за долгорочни партнерства помеѓу различни субјекти, поттикнувајќи го развојот на иновативни решенија за зголемување на енергетската ефикасност и обновување на станбениот фонд на локално и национално ниво.**

**Покрај претставниците од националните институции, локални заедници, професионалци за енергетска ефикасност, стручни лица од научната и бизнис заедница и граѓанските организации, на вчерашниот настан присуствуваше и тимот од Секторот за екологија и енергетска ефикасност од Општина Карпош, предводен од градоначалникот Стевчо Јакимовски.**
**Во оваа пригода првиот човек на локалната самоуправа одржа кусо обраќање до присутните, при што го истакна своето задоволство од учеството во овој проект, кој ќе биде од витално значење за карпошани.**
**– Општина Карпош работи на вакви проекти уште од 2009-та година и морам да кажам дека искуството кое го стекнавме со Хабитат беше навистина драгоцено и корисно. Тоа значи дека имаме повеќегодишно партнерство меѓу граѓаните, Хабитат како невладина организација, тука учествуваа и банките и секако ние, Општина Карпош. Досега на ваков или сличен начин, локалната самоуправа има реконструирано 60 енергетски ефикасни фасади, на станбените згради на своја територија. Во таа насока се надевам дека ќе ја унапредиме нашата соработка во корист на карпошани и на целата локална заедница – посочи Јакимовски.**



# ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР ВО НАСЕЛБАТА ЗЛОКУЌАНИ

**По барање на Основното Јавно Обвинителство за координиран надзор, денеска екипите од Секторот Инспекторат од Општина Карпош спроведоа акција во населбата Злокуќани. Имено, комуналните редари во придружба со раководителот на Секторот, општинските инспектори за животна средина, комуналниот и градежниот инспектор излегоа на теренот и ги мапираа хаварисаните возила, на кои поставија налепница со известување, каде беа директно предупредени сопствениците, дека мораат да ги отстранат своите отпадните возила во рок од 10 дена.**

**Притоа, инспекцискиот тим од Карпош изврши надзор и врз автомеханичарските работилници и диви отпади, каде што беше затекнат градежен шут и друг отпад на јавната површина. Во текот на вршење на надзорот беа присутни и служби од Општина Карпош кои го расчистуваа отпадот од јавната површина, по должина на ул. Скупи и во внатрешниот дел на урбаната заедница Злокуќани. Како дел од логистичката поддршка на оваа акција беа инволвирани и униформирани полициски службеници од Полициската станица Карпош. Во рамки на надзорот беа составени прекршочни платни налози на физички лица, заради спротивно постапување на Законот за јавна чистота, а оттука за правните субјекти ќе биде покрената и инспекциска постапка од страна на соодветните инспектори.**



# ЈАКИМОВСКИ ВО ПОСЕТА НА ЗЛАТИБОР: РАЗГОВОРИ ЗА ИДНА СОРАБОТКА

**Градоначалникот на општина Карпош, Стевчо Јакимовски заедно со советникот Јахји Мемедов, изминатиот викенд беа во посета на Златибор, каде што заедно со градоначалникот на општина Чајетина, Милан Стаматовиќ, разговараа за можностите за соработка меѓу двете општини, особено во областа на туризмот.**

**На работната средба која се одржа во просториите на општина Чајетина се разгледуваше можноста да се разменат искуства во управувањето со локалните самоуправи и да се разговара за заеднички иницијативи кои можат да придонесат за развој на туризмот и економијата.**

**На средбата особено беа истакнати проектите за одржлив развој, подобрувањето на туристичката инфраструктура, како и меѓусебна промоција на двете дестинации преку различни програми и настани.**

**Јакимовски на Златибор ги посети некои од најзначајните локалитети и се запозна со идните проекти кои дополнително ќе ја подобрат туристичката понуда на Златибор.**

**Во наредните месеци се очекуваат конкретни предлози и заеднички иницијативи кои ќе придонесат за развојот на двете општини, каде што беше констатирано на пријателско-работната средба.Оваа посета претставува прв чекор кон воспоставување на долгорочна соработка меѓу Чајетина и Карпош, со цел зајакнување на туризмот и економските врски.**



# НЕРЕЖАНИ ТРАДИЦИОНАЛНО ГО ЗАКРОИЈА ЛОЗЈЕТО ПО ПОВОД СВ. ТРИФУН

**На покана од жителите од Нерези кои го одбележуваат христијанскиот празник Св. Трифун, денеска на падините на Водно градоначалникот на Општина Карпош, Стевчо Јакимовски, присуствуваше на традиционалната манифестација на закројување на лозјата. На самиот почеток свештеното лице во духот на религијата ја испеа молитвата, според која се верува дека лозјето ќе биде заштитено од разни штетници и други инсекти. Потоа, присутните мештани извршија обредно закројување на лозјето, а некои го сметаат овој ден за последен од зимските и за прв од пролетните празници.**

**Денеска лозјата беа закроени со желба и надеж за уште една поплодна година со следниот традиционален благослов: „Господе, ти давам едно шише со вино, за илјада да ни подариш“. Инаку, Православната црква го чествува денот на лозарите и градинарите Св. Трифун, на 1. февруари според јулијанскиот календар, односно на 14 февруари, според грегоријанскиот календар. Оттука, Св. Трифун се слави како великомаченик кој пострадал за христијанската вера, не исклучувајќи ја неговата важност како заштитник на брачната љубов и верност, кои се дел од христијанската проповед.**

